**Известување за концентрација со која Оутотек Ои од Финска ќе стекне самостојна контрола над работењето со минерали на Метсо Ои од Финска (предмет бр. 08-86 од 12.11.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 12.11.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошен текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна Оутотек Ои со регистрирано седиште на Раухланпуисто 9, ФИ 02230 Еспо, Финска над работењето со минерали на Метсо Ои со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска.

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни активности:**

Оутотек Ои е индустриски конгломерат кој развива технологии и услуги за одржливо користење на природни ресурси. Оутотек развива технологии и услуги во две области: (i) обработка на минерали (minerals processing) и (ii) метали (metals), енергетика (energy) и вода (water). Оутотек нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

Метсо Ои се состои од работењето со минерали на Метсо, индустриски конгломерат кој примарно ги опслужува индустриите за рударство, агрегати (aggregates) и рециклирање.

Метсо Ои обезбедува опрема и услуги за обработка на минерали за рударскиот сектор, како и за индустријата која се бави со агрегати и градежниот сектор.

Метсо Ои има регистрирано зависно друштво во Република Северна Македонија – Друштво за трговија и услуги МЕТСО МИНЕРАЛС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Ђуделхиска бр. 6-2/4, Карпош, Скопје и со регистрирана дејност трговија на големо со машини за рударство и градежништво.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација може да се дефинира како пазар за производи и услуги на последователниот пазар за опрема за филтрација. Во однос на географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот смета дека е на глобално ниво, но и покрај тоа за целите на ова известување релевантниот географски пазар може да се дефинира како територијата *на* Република Северна Македонија.

Во секој случај, дефиницијата на релевантниот пазар на стоки и географски пазар може да остане отворена бидејќи, во било кој поглед, концентрацијата не доведува до грижи за конкуренцијата на релевантниот пазар во Северна Македонија.

15.11.2019 година

Скопје